### 6. Знајте ги и препознајте ги предупредувачките знаци на трговија со луѓе

Свесноста за предупредувачките знаци на трговија со луѓе може да ви помогне да препознаете кога вие или некој близок ќе се доведе во ситуација да се изложи на ризик и биде регрутиран/врбуван преку интернет.

### 7. Побарајте помош или вклучете го алармот

Многу земји имаат бесплатни доверливи ресурси и линии за помош за оние кои биле или се изложени на ризик од трговија со луѓе. Информирајте се на Националната телефонска линија за трговија со луѓе - 0800 11 111 или пријавете на 192.

**#EndHumanTrafficking**

**#HumanTrafficking**

**#AQUIESTOY**

**Информирајте се и консултирајте се за трговијата со луѓе на Националната бесплатна СОС линија - 0800 11 111, или пријавете на 192 или www.redbutton.mvr.gov.mk**

RED BUTTON
ПРИЈАВИ ЗЛОУПОТРЕБА ИЛИ НАСИЛСТВО



Овој производ е изработен со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Ставовите изразени овде во никој случај не може да се сметаат за одраз на официјалното мислење на која било од страните.

Funded by the European Union · Implemented by the Council of Europe

Влада на Република Македонија
**Национална Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција**

# 18ти октомври Европски ден за борба против трговија со луѓе

Funded by the European Union · Implemented by the Council of Europe

UNODC
United Nations Office on Drugs and Crime

Трговците со луѓе станаа вешти во користењето на интернет платформи, вклучувајќи канали за социјални медиуми, сајтови и слободни веб-страници за регрутирање жртви и привлекување клиенти. Трговците со луѓе активно ги „ловат“ оние за кои сметаат дека се ранливи да станат жртви на трговија со луѓе или пасивно „ловат“ потенцијални жртви преку објавување огласи и чекајќи потенцијалните жртви да одговорат.

## Совети, како да се заштитите себе си и вашите најблиски од трговија со луѓе:

### 1. Поставете строги поставки за приватност

Ако вашите сметки на социјалните мрежи се јавни, тогаш секој може да ги види вашите фотографии, објави и други лични податоци. Трговците со луѓе ги користат овие информации за да допрат и да регрутираат жртви. Размислете да ги поставите вашите сметки на „приватни“и да го исклучите споделувањето на локација на објавите.

### 2. Пазете се од чудни понуди за пријателство

Прифатете ги само пријателите што ги познавате, дури и ако имате заеднички пријатели. Трговците со луѓе „разговараат“ преку социјалните мрежи, а потоа полека работат на градење доверба со потенцијалната жртва.

### 3. Не споделувајте премногу

Запомнете дека сѐ што ставате на интернет – фотографии, текстови итн. – е во јавен домен. Веќе немате целосна контрола врз тоа како се гледа или споделува. Трговците со луѓе користат фотографии и лични податоци на луѓето за да ги уценуваат, контактираат, дотеруваат или на друг начин да регрутираат и надгледуваат жртви. Никогаш не споделувајте лични информации, како што се вашиот телефонски број, адреса или локација во живо на интернет.

### 4. Пазете се од реклами кои изгледаат премногу добри за да бидат вистинити

Трговците со луѓе често користат привлечен јазик во огласите за работа на интернет, ветувајќи високи плати за едноставна работа или шанса за подобар живот. Понудата за работа честопати е нејасна во однос на деталите или услови за вработување и изгледа премногу добро за да биде вистинито.

### 5. Блокирајте/пријавете го, не споделувајте го!

Бидете внимателни во онлајн сферата и пријавете ги сомнителните страници или активности до надлежните органи. Не двоумете се да се откажете од пријателите, да блокирате или пријавите некој што ве вознемирува или зборува со вас на начин што не ви се допаѓа. Кликнете на врските за да видите како да блокирате сметки на Facebook, Twitter, Instagram, TikTok и SnapChat. Направете слики од екранот на пораките или објавите - тие може да бидат корисни подоцна како доказ.